MQS

Бр. 09-960/2
22-03-2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на четвртата седница одржана на ден 20 март 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема основа за нејзино надлежно постапување во предметот со број 09-960/1 од 04.03.2019 година, поради постапување на надлежен орган.

Предметот со број 09-960/1 од 04.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави писмено известување за постапувањето и за заклучокот донесен од страна на ДКСК.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 09-960/1 од 04.03.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – физичко лице.

Во пријавениот случај е наведено дека во едно јавно државно претпријатие е објавен јавен оглас на 16.04.2018 година за засновање на работен однос на неопределено време, помеѓу кои и на пет работни места со високо образование. Пријавувачот е пријавен на едно од работните места објавени на огласот, но е одбиен, а според наводите од пријавата на тоа работно место се примени блиски лица на актуелни и бивши функционери спротивно на закон, кои според пријавувачот не ги исполниле посебните услови за работното искуство.

На седницата, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во случајот постапил надлежен орган, односно Државниот инспекторат за труд, кој во два наврати го поништил Јавниот оглас, кој се објавил од страна на јавното државно претпријатие, за тие работни места, а биле примени истите кандидати од првиот оглас. При што на државното јавно претпријатие му е изречена глоба за сторен прекршок од страна на Државниот инспекторат за труд .

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk